ПаркинзиНеготино

*Јавно претпријатие за јавни паркиралишта*

*„ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО "-Неготино*

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Бр. 05-373/1
30.11. 2022 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, ..., 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и член 42 од Статутот на ЈП Паркинзи Неготино -Неготино, Директорот на ден 30.11.2022 година, донесе:

# Финансиски план и програма за работа

# за 2023 година

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за одржување и користење на јавниот простор за паркирање и давање соодветни услуги ЈП Паркинзи Неготино е основано со одлука на Советот на Општина Неготино бр.08-60/12 од 24.01.2020 и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање бр.08-46/6 од 15.01.2021 година и регистрирано во Централниот регистар на Република Северена Македонија.

Првичната идеја за основањето на претпријатијето беше на системски начин да се реши проблемот со паркирањето на моторни возила во Општина Неготино со определување и уредување на паркинг места и паркиралишта и да допридонесе за комуналниот ред..Јавното претпријатие за одржување и користење на јавниот простор за паркирање и давање соодветни услуги ЈП Паркинзи Неготино поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на Општина како и на Јавното претпријатие засновани на расположливите средства за работа и достигнатитот степен за развој.

Со оваа Програма се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Јавното претпријатие, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

Со планирањето се поставуваат целите и задачите, се конкретизираат и предвидуваат средствата што претпријатието треба да ги има на располагање и активностите што треба да се превземат за остварување на поставените задачи.

Годишната програма и финансискиот план за 2023 година кој претставуваат конкретизација на поставените задачи на претпријатието за период од една година.Со овој финансиски план и програма се опфаќа вкупната активност на претпријатието за 2023 година, така што се конкретизира извршувањето на определена работа, потрошени средства за извршување на истата и проектирани економски резултати од активностите превземени со годишниот план.

Неотино,како и многу градови во Република Македонија, веќе со години го каректеризира преоптеретеност на сообраќајот и константен недостиг на паркинг простори.

За решавање на овој проблем, исто како и во изминатиов период посебно внимание ќе се посвети на корисниците на услугите, со посебен осврт на жителите и вработените во централното градско подрачје, кои секојдневно се соочуваат со проблемот на паркирање и непрописно паркирани возила.

Програмата за работа за 2023 година поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето засновани на расположливите средства за работа и достигнатиот степен на развој на Јавното Претпријатие "Паркинзи Неготино-Неготино.

**Основни појдовни елементи врз кои се заснова изготвување на програматаза 2023 та година се:**

- дефинирање на планираниот физички обем на работа;
- дефинирање на приходите од работењето;
- дефинирање на расходите и инвестициите кои ќе се направат при работењето.

**Надлежностите на Претпријатието се утврдени со:**

- Закон за Јавни претпријатија
- Закон за Комунална дејност
- Закон за Локална самоуправа
- Закон за Безбедност во сообраќајот
- Одлука за одржување на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење на град Неготино
- Одлука за јавните паркиралишта од значење на Општина Неготино
- Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Неготино
- Статутот на Претпријатието како и групирање на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност.

1. **Организациона поставеност на Претпријатието**

Претпријатието е организирано во следниве одделенија:

- Одделение за општи,правни работи и човечки ресурси
- Одделение за финансиски работи
- Одделение за јавни паркиралишта
- Одделение за спортски објекти

**Одделението за правни работи и човечки ресурси ги врши работите:**

Со кои се обезбедува спроведување на регулаторна, координативно стручна и нормативно- правна функција во насока на моделирање и зајакнување на системот за зонско и транспарентно реализирање на надлежностите на претпријатието, кадровско екипирање, професионално оспособување и стручно оспособување на вработените во претпријатието со цел градење на стручен и ефикасен кадровски ресурс и спроведување на работите од општ и заеднички интерес на претпријатието.Дополнително се вршат и работи кои се во функција на организација и контрола на финансиското работење.

**Одделението за финансиски работи ги врши работите:**

Сметководствена и финансиска евиденција на деловните настани на дневна основа, согласно Законските регулативи за работење на Јавните претпријатија и Трговските друшта и меѓународните сметководствени стандарди, фактурирање, наплата, кредитна контрола на клиентите- побарувањата и обврските, даночна евиденција, изготвување на дневни, месечни, квартални и годишни извештаи, пратење на дневна основа преку дневни извештаи за реализацијата од зонско паркирање и останатите услуги од портфолиото, искористеност на капацитетите по зони и подзони, како и планирање и финансиски проекции со нивно месечно ажурирање, со цел навремено согледување на постигнатите резултати и цели и правовремено реагирање со корективни мерки во тековното работење.

**Одделението за јавни паркиралишта** во моментот се состои од осум контролори на паркирање кои секојдневно се грижат за воспоставување на редот на паркирање на сегашните 215 паркинг места.Организирањето на јавните површини наменети за паркирање во Општина Неготино засега се класифицираат во една зона. Во 2023 година предвидено е проширување на подзоните Б3 и С2 со нови паркинг места како и реализирање на одбележувањето на подзона Б4 и С3.

Во опфат на зона А се следниве улици :

- А1 подзона ја опфаќа улица Ставре Ставров и дел од Маршал Тито кај Општина Неготино.
- А2 подзона ги опфаќа следните улици: Ацо Аџи Илов,Јане Сандански и Пекарев
- А3 подзона ќе се протега на ул.Маршал Тито,односно од Аптека Зегин до маркет Кит-Го .
- А4 подзона ја опфаќа улица Партизанска,односно кај 11 катницата

С1 подзона ќе го опфаќа градскиот пазар ,во опфат на С2 подзона ќе спаѓа паркингот пред маркетите КАМ и Стокомак, Б1 подзона е опфатена од кракот на ул.Ставре Ставров по улица Маршал Тито до ОУ ,,Гоце Делчев''Неготино, Б2 подзона од Либерта до Основен Суд Неготино која се протега на ул.Маршал Тито.

# Финансиски план за 2023 год за работа на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ Неготино - Неготино

**Вкупните приходи** кои се планирааат за 2023 година изнесуваат **17.204.737 ден.** истите се добиени врз основа на направена анализа на приходите во изминатата година и предидувањата за следната година.При проекцијата на идните приходи земени се во предвид постоечките паркиг места,како и обележување на нови,приходите од различни видови на паркинг карти,приходите од продажба на паркинг билети,приходите од изнајмување на СРЦ Младост,издавање рекламен простор на Градскиот стадион како и донација од основачот Општина Неготино.

**Вкупните расходи** кои се планираат за 2023 година изнесуваат **17.097.409 ден.**и истите се добиени и врз основа на анализа на трошоци во изминатиот период како и планирањата и очекувањата за следната година.Овде се земени во предвид пасположливите паркинг места ,трошоците за обележување на нови места,трошоците за одржување на на објектот СРЦ Младост,трошоците кои произлегуваат од користењето на услугите на операторите-провизии,како и други трошоци кои произлегуваат од работењето на јавното претпријатие.

Во табелата се објаснети планираните приходи и расходи и врз основа на планираното се предвидува **позитивен финансиски резултат – ДОБИВКА во износ од 107.325 ден.**

## *ПРИХОДИ

| Приходи | Годишно | Месечно | Објаснување на позициите |
|---|---|---|---|
| СМС А-зона | 2 390 880,00 | 199 240,00 | 8500смс х 23,44ден х 12мес. |
| СМС Б-зона | 779 750,00 | 64 979,00 | 4160смс х 15,62ден х 12мес. |
| СМС Ц-зона | 267 696,00 | 22 308,00 | 2860смс х 7,8ден х 12мес. |
| СМС Дневна Карта | 556 860,00 | 46 405,00 | 660смс х 70,31ден х 12мес. |
| Билети А-зона | 618 816,00 | 51 568,00 | 2200 х 23,44ден х 12мес. |
| Билети Б-зона | 187 440,00 | 15 620,00 | 1000 х 15,62ден х 12мес. |
| Билети Ц-зона | 93 600,00 | 7 800,00 | 1000 х 7,8ден х 12мес. |
| Билети Дневна Карта | 556 860,00 | 46 405,00 | 660 х 70,31ден х 12мес. |
| Провизија СМС | 485 400,00 | 40 450,00 | 16180смс х 2,5ден х 12мес |
| Блокатор | 406 560,00 | 33 880,00 | 40воз х 847ден х 12мес. |
| Платен Налог-Налепница | 203 280,00 | 16 940,00 | 20воз х 847ден х 12мес. |
| Пајак служба | 508 800,00 | 42 400,00 | 20воз х 2120ден х 12мес. |
| Спортска Сала | 360 000,00 | 30 000,00 | 30000 х 12мес. |
| Реклами - стадион | 203 424,00 | 16 952,00 | 8рекл х 2119ден х 12мес. |
| Комуналец | 263 244,00 | 21 937,00 | По скл. дог. за наем Ц-зона |
| Станарски дозволи | 200 784,00 | 16 732,00 | 80-1воз.15-2воз.10-сл.воз. 2стр.воз. |
| Вработени во дел.субјект | 937 500,00 | 78 125,00 | 100воз х 781,25ден х 12мес. |
| Месечни правни лица | 131 250,00 | 10 937,00 | 7воз х 1562,5ден х 12мес. |
| Комунална такса | 552 792,00 | 46 066,00 | 10% |
| Електрична енергија | 5 700 000,00 | 475 000,00 | 475000 х 12мес. |
| Субвенција од Општина | 1 799 798,00 | 149 983,00 | 107ст. Х 2,3час х 23,4ден х 26д х 12мес. |
| **ВКУПНО** | **17 204 734,00** | **1 433 727,00** | Разл.до 15 ден. при заокружување |

## Приходен дел-Објаснување на приходите

Приходите за зонското паркирање се базирани на планирани 8500 смс паркинг часови и 2200 билети месечно во А зона, 4610 смс паркинг часови и 1000 билети месечно во Б зона,2860 смс паркинг часови и 1000 билети месечно во Ц зона и 660 смс/дневни карти и 660 дневни билети на месечно ниво за сите зони.Приходите кои се предвидени изнесуваат 5.451.902 денари на годишно ниво или 31,68% од вкупните приходи.

Други приходи кои отстапуваат од останатите се приходите од електрична енергија за улично осветлување кои се предвидуваат на 5.700.000 денари или 33,13% од вкупните приходи за 2023 година.

Останатите приходи се детално објаснети во табелата.

## *РАСХОДИ

| Расходи | Годишно | Месечно | Објаснување на позициите |
|---|---|---|---|
| Провизија Банки | 60 000,00 | 5 000,00 | |
| Пајак служба | 307 200,00 | 25 600,00 | (80км х 70ден)+(20воз. Х 1000ден) х 12мес. |
| Амортизација | 300 000,00 | 25 000,00 | |
| Ситен инвентар | 50 000,00 | 4 167,00 | |
| Осигурување вработени | 21 600,00 | 1 800,00 | |
| ХТЗ опрема за враб. | 120 000,00 | 10 000,00 | Работни униформи за вработени |
| Обј. на огласи за враб. | 220 000,00 | 18 333,00 | Објавување на огласи при вработување |
| Хуманитарни СМС | 131 414,00 | 10 951,00 | 3м х 6смс х 23,4 х 26 х 12 |
| Комунална такса-одлив | 552 795 ,00 | 46 066,00 | 10% |
| ПТТ | 250 000,00 | 20 833,00 | Фиксна,мобилна,интернет |
| УО и НО + перс.данок | 196 000,00 | 16 333,00 | Управен и Надзорен одбор-паушал |
| Надградба на систем | 300 000,00 | 25 000,00 | Надгр. и усов. на сис. за раб. и нов. зони |
| Дог.на дело +перс данок | 400 000,00 | 33 333,00 | лица за јав.набав.,чов.рес.,правн.сов... |
| Усл.привремени вработ. | 200 000,00 | 16 667,00 | Провизија – агенција за привр.враб. |
| Репрезентација | 60 000,00 | 5 000,00 | |
| Печатарски услуги | 100 000,00 | 8 333,00 | Билети,налепници за блок.и пл.налог |
| Канцелариски материјал | 80 000,00 | 6 667,00 | Хартија,тонери,регистри,........ |
| Патни трошоци | 60 000,00 | 5 000,00 | Поднесени патни смет.за служ.патув. |
| Матер. за одрж.на обј. | 120 000,00 | 10 000,00 | Набав.на матер.за спорт.обј.и паркинг |
| Услуги за одрж. на обј. | 120 000,00 | 10 000,00 | Усл. За одрж. спорт.обј. и паркинг. |
| Одржување на софтвер | 480 000,00 | 40 000,00 | Одрж.на софтв. за книгов. и платф.за смс |
| Електрична енергија | 5 700 000,00 | 475 000,00 | Ел.енергија за улично осветлување |
| Плати за вработени | 7 268 400,00 | 605 700,00 | 17враб.=570000 х 12мес. + (2800х17х9) |
| **ВКУПНО** | **17 097 409,00** | **1 424 783,00** | Разл.до 15 ден. при заокружување |

## Расходен дел-Објаснување на расходите

Во делот за расходи планирани се вкупно 17.097.409 денари,најголема ставка се расходите за бруто плати,се предвидува за 17 вработени да изнесуваат 6.840.000 ден. на годишно ниво, а на месечно 570.000 ден. плус линеарно зголемување од 2.800 ден. за девет месеци или вкупно 7.268.400 денари.Платите како најголема ставка учествуваат со 42,5% во вкупните расходи.Друга висока ставка која одстапува од останатите е трошок за ел.енергија за улично осветлување со износ од 5.700.000 ден. на годишно ниво или 475.000 ден./месечно.Трошокот за ел.енергија учествува со 33,33% во вкупните расходи.

Останатиот дел од расходите кои се очекуваат за 2023год. се со помало учество и се објаснети во табелата.

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
,,ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"Неготино
Директор Марјан Петров

ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Неготино